


# КАРПОШ неделен Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 26мај-2јуни 2025 Билтен бр. 597

# ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ НА УЧИЛИШНА ПОСЕТА ВО ГЕРМАНИЈА

**Во рамки на образовната размена, учениците од ООУ „Владо Тасевски“ од Скопје го посетија германското училиште „Гесамтшуле Мите“ во Дуисбург. Оваа иницијатива претставува важен чекор во зајакнувањето на меѓукултурната соработка, продлабочување на јазичните познавања и вештини, како и пријателство меѓу младите од Северна Македонија и Германија.**

**Размената беше реализирана со силна поддршка од советникот Кира Шулте Лохов, бизнис заедницата од Дуисбург, почесниот конзул на Македонија во Северна Рајна Вестфалија, како и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски. Посетата овозможи учениците да разменат искуства, да учат едни од други и да создадат нови пријателства во духот на европска соработка и разбирање, при што беа инволвирани и одговорните наставници Санда Пулевска Гочев, Весна Киприноска Николовска, Сандра Станоевски и Бојана Божинова Манасијева.**



# ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПЛАСТИЧНИ КАНТИ ОД 120 ЛИТРИ ЗАСОБИРАЊЕ НА МЕШАН КОМУНАЛЕН ОТПАД, ЗА ДОМАЌИНСТВАТА КОИ ЖИВЕАТ НА ТЕРИТОРИЈА НА КАРПОШ

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**за доделување на пластични канти од 120 литри за доделување на пластични канти од 120 литри за собирање на мешан комунален отпад, за домаќинствата кои живеат на територија на Карпош**

**Право на пријавување**
**Право на пријавување имаат сите заинтересирани физички лица кои се жители на Општина Карпош.**

**Потребни документи и услови за учество физички лица**
**Пополнето Барање (достапно во Архивата на Општина Карпош и електронски преку веб – страната на Општина Карпош);**
**Копија од последна сметка за вода;**
**Лична карта (на увид).**
**Критериуми за доделување на пластични канти од 120 литри за доделување на пластични канти од 120 литри за собирање на мешан комунален отпад, за домаќинствата кои живеат на територија на Карпош**
**Физичкото лице треба да е жител на Општина Карпош;**
**Да има иста адреса на живеење како на сметката за вода;**
**Секое домаќинство може да добие по една канта;**
**Кантите ќе се доделуваат по принципот „Прв дојден прв услужен“.**



# ЈАКИМОВСКИ: НЕ МОЛЧАМ – ГРАДАТ НА ДИВО, МИЛИОНИ ИСПАРУВААТ, ВЛАДАТА СПИЕ!

**Ја свикувам оваа прес – конференција за да дадам јавна поддршка на она што го прави градоначалничката на Скопје, Данела Арсовска. Ние може нејзе да не ја сакаме, може да бидеме незадоволни од одредени нејзини постапки, меѓутоа овие активности кои таа во моментов ги презема не можеме ние као одговорни лица да не ги поддржиме – истакна денеска пред новинарите, првиот човек на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски.**

**– Практично таа документирано и покажа на целата македонска јавност, пред сите надлежни институции, она што веќе го знаат милион и осумстотини и шеесет илјади граѓани, каде во оваа држава се гради на „диво“, каде се узурпира градежно државно земјиште, каде се легализира колективно, деловно и индивидуално земјиште сé по едно евро и каде се злоупотребува законот за легализација на бесправно изградени објекти – посочи Јакимовски.**
**Тој, пред претставниците на медиумите ја изрази својата длабока загриженост од односот на премиерот Мицковски, како и од министрите Тошковски и Николовски.**
**–Замислете, претседателот на Владата употребува еден многу интересен термин. Имено, тој вели: градоначалничката Арсовска нека постапува по дивоградбите. Меѓутоа, градоначалничката на Скопје нема никакви ингеренции да постапува по однос на дивоградбите. Веројатно премиерот добро знае дека таму треба да постапуваат истражните органи. А всушност самиот премиер кој во оваа држава се закануваше дека ќе не влече за уши, дека дури и брат да му е доколку е некој виновен – ќе одговара кривично. Овде имаат среќа луѓето што не му се браќа и очигледно дека тој никого не влече за уши, туку целиот македонски народ го влече за нос. Зошто? Затоа што овде исклучително тој и неговите институции имаат надлежност. Замислете, на локациите кои ги посочува тој е узурпирано градежно земјиште за коешто не е платено ниту денар а истото е во државна сопственост и тоа земјиште на само една локација чини 2 милиони евра. Не се платени ниту комуналиите кои чинат 1 милион евра. Не постои никаков урбанистички план ниту пак било каква градежна маркичка а замислете, министерот за „заеми“ господинот Николовски којшто е надлежен за оваа работа вели дека во општина Карпош нема да дозволува да се одобруваат урбанистички планови од причина што тука имало хаос, а замислете во Чаир имало ред и поредок?! – констатираше Јакимовски.**
**Тој објасни дека министерот за транспорт и врски е целосно отсутен и покрај тоа што овие случаи се исклучително негова надлежност. – Да не зборувам пак за министерот за внатрешни работи, Тошковски кој му поднесе кривична пријава на градоначалникот на на Крива Паланка за урбана опрема. А овде каде што има стотици дивоградби и каде што државата се оштетува за милијарди евра, воопшто не се постапува и очигледно дека за нив законите се применуваат според нивни терк. Само во Карпош, во Крива Паланка, во Струмица и во општина Центар важат поинакви правила. Она што премиерот Мицковски го најавуваше за пресметка со ДУИ, очигледно дека тој се пресметува само со некои крила од таа партија, односно со тие што не се со него во власт и коалиција. И можете да ја замислите, таа нивна строгост и „правна“ држава ја гледаме само ние од Карпош.**

Имено, за овие бараки кои ги направила Општината која е сместена веќе 12 години, актуелната власт ќе носи одлука за конфискација на нешто што е направено во интерес на државата. Очигледно онаму каде што некој гради во интерес на сопствениот џеб и го краде народот и својата држава, истите се амнестирани. Во случајов претседателот на Владата лаконски ќе ви каже: градоначалничката на Скопје нека си постапува, а самиот тој ќе се заканува на сите останати кои работат според законот – додаде Јакимовски.

Градоначалникот на Карпош ја посочи непренципиелната политика на Власта, која не постапува според начелата на демократијата и има селективен пристап кон правдата.

– Премиерот Мицковски тренира строгост над оној кој продавал карти во Кочани и на сите нас што не сме дел од неговата коалиција, а сѐ останато нека биде хаотично во Македонија. Јас го кревам гласот затоа што нивната „правна држава“ сме ја осетиле на своја кожа, затоа што правото го прават не-право и бидејќи со своите постапки ги поттикнуваат криминалот и корупцијата. Мене ме зачудува односот на меѓународната јавност и нашите правосудни органи. Јас сум осуден на три ипол години затвор, замислете во завршниот збор обвинителот вели дека постапката што ја водела Општина Карпош била според законот. Нас не судат затоа што работиме по закон, а овие кои работат незаконски, каде што не плаќаат земјиште, комуналии, не постои урбанистички план, за нив никому – ништо! – констатираше Јакимовски.

## ТРЕТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД КАРПОШ

Во просториите на Универзитетот Скопје вчера по третпат заседаваше локалниот совет за превенција (ЛСП) на Општина Карпош, во чии рамки се дискутираше за актуелната состојба во локалната самоуправа од аспект на безбедноста и сигурноста. Во тој поглед, фокусот на расправата беше насочен кон претстојниот летен период, односно кон работата на дискотеките и ноќните клубови кои функционираат на територија на општината.

Оттука беа разгледани конкретни планирани мерки за надзор и координација на активностите на органите за безбедност. Имено, службеното лице од локалната полициска станица Карпош ги информираше присутните, за планираните активности кои ќе бидат преземени во насока на почитување на работното време на угостителските објекти, контрола на малолетните лица, при што беше разгледана можноста за планирање на заеднички контроли и активности за превенција на инциденти. Во таа насока, заменик командирот на ПС Карпош, Александар Ангеловски, го презентираше кусиот извештај за безбедносните ризици, при што напомена дека изминатиов период во Карпош е евидентирано опаѓање на криминалитетот за 30%.

Со оглед на тоа што се наближуваме кон летниот период, на денешната седница се отвори темата за превенција од пожари и идентификување на ризични подрачја во Карпош. Притоа, како опција беше посочена мерката за едукација на населението преку организирање на информативно – едукативни кампањи, за подигнување на свеста на граѓаните од евентуални ризици од пожар. По широката дискусија која се разви меѓу присутните, се говореше за идните превентивни мерки, активности и предлози за подигнување на нивото на безбедност, како и за планирање на вонредни средби на ЛСП доколку се јави потреба за тоа.

**Кон крајот на седницата беа резимирани заклучоците од вчерашната работна средба, од кои треба да произлезат конкретни задолженија и задачи. Локалното тело ќе упати апел до граѓаните да водат сметка за своите имоти, особено во периодот на летните одмори да не објавуваат лични податоци на социјалните мрежи дека се на летување. Во интерес на јавниот ред и мир, Општина Карпош ќе биде крајно рестриктивна во однос на работното време на угостителските објекти. Притоа ќе се инсистира на поголема активност на Министерството за економија и пазарната инспекција, да не дозволуваат да се врши дејност во бесправно изградени објекти.**

**Градоначалникот Стевчо Јакимовски ги задолжи инспекциските служби од Општина Карпош да ги проверат сите 63 градби (кои во моментот се градат) на територија на локалната самоуправа, дали поседуваат дозвола од Министерство за труд и социјална политика, за работното време на извршување на градежните работи. На состанокот беше разгледана можноста, Општина Карпош заедно со Секторот за превенција при СВР да остварат средби и да организараат работилници со пензионерските друштва на територија на општина Карпош, за да се спречат честите измами поврзани со сообраќајните незгоди.**



# ГРАДИНКАТА „МАЈСКИ ЦВЕТ" ОДБЕЛЕЖА 60 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ



**Вчеравечер, Македонскиот народен театар, беше претесно место да ги собере гостите кои беа поканети на одбележувањето на 60-от роденден на градинката ,,Мајски цвет" во Карпош. На јубилејниот настан, кој беше под мотото ,,Волшебниот свет на Мајскиот цвет", дечињата од големите групи со својот музичко-сценски спектакл, ги забавуваа гостите кои будно со насмевки на лицата ги следеа и громогласно аплаудираа.**

**Имено, градинката „Мајски цвет" веќе 60 години се води од јасна визија, да биде место каде што децата се чувствуваат сакани, поттикнати да истражуваат и да учат преку игра, се зборовите со кои директорката на градинката, Татјана Божиновска-Миладиновска го отвори свечениот настан. На јубилејното одбележување беше присутен и градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски кој во оваа пригода директорката на градинката му додели плакета во знак на благодарност за постојаната поддршка и унапредувањето на раниот детски развој во предучилишните установи.**
**-Пред се би сакал да ви го честитам јубилејниот роденден, 60 години не се малку. До оваа година дечињата одеа во реално стар објект, за кого колку можевме се грижевме, но отсега па натаму дечињата ќе престојуваат во целосно нова градина. Ќе имаме нови занимални, многу поголем простор и подобри услови за престој на нашите најмили. – рече Јакимовски. На роденденската забава, присуствуваа претставници од општинската администрација, од Министерствата, директори и други вработени од скопските градинки, како и пензионери кои својот работен век го поминале во градинката. На вчерашната манифестација, беа доделени и благодарници на лица кои со донации ја помогнаа работата на градинката.**
**На настанот, покрај родителите на дечињата учесници во претставата „Волшебниот свет на Мајскиот цвет", беа поканети гости со кои градинката соработува и што секој од нив на свој начин придонесува за правилен раст и развој на децата, за применување современи практики во предучилишното воспитание и образование и одржување високи стандарди во секојдневните активности.**

# ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ, ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА КАРПОШ КОИ УЧАТ ВО VIII И IX ОДДЕЛЕНИЕ ЗА 2025/26 ГОДИНА

**ОГЛАС**

**за доделување на Стипендии за талентирани спортисти, жители на Општина Карпош кои учат во VIII и IX одделение за 2025/26 година**

**Услови за доделување стипендија**
**Да се жители на општината Карпош (адреса на живеење),**
**Потврда од училиштето дека спортистот во учебната 2025/2026 година ќе биде ученик во VIII или IX одделение.**

**Критериуми за доделување стипендија**
**Спортистот потребно е да има постигнување на индивидуални спортски резултати, потврдени од матичната национална спортска федерација и да се во согласност со календарот на натпревари на националните федерации за периодот од 01.09.2024 година до завршување на огласот:**

**национално првенство, освоено индивидуално I место (3 бода);**
**национално првенство, освоено индивидуално II место (0,5 бода);**
**репрезентативец на Македонија, да има учество најмалку на еден натпревар и да се наведе кога, каде и со кого бил натпреварот (да се достави копија од записник, билтен или друг доказ од натпреварот), (3 бода);**
**награда за индивидуални постигнување на национално првенство или**



# ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

**ОГЛАС**

**за доделување на стипендии за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина Карпош за учебната 2025/2026 година**

**Услови за доделување стипендија**

**Да се жители на Општина Карпош;**
**Да се редовни ученици во VIII или IX одделение во основните училишта на територија на Општина Карпош;**

**Да имаат освоено I, II или III место на акредитирани натпревари;**
**Да оствариле континуиран одличен успех во VI и VII одделение за ученици од VIII одделение, односно во VI, VII и VIII одделение за ученици од IX одделение.**

**Критериуми за доделување стипендија**

**Право на разгледување имаат само дипломи за освоено I, II или III место од здруженија, сојузи, сојузи на друштва, асоцијации акредитирани од Министерство за образование и наука од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста, од VII одделение за редовни ученици во VIII одделение, односно од VIII одделение за редовни ученици во IX одделение:**

